Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-4421/5
28.11.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (1) т. 12 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, а во врска со одредбите од Правилникот за реаудиција бр. 02-3025/5 од 17.11.2021 година, на предлог од уметничкиот раководител на Опера, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 71-та Седница одржана на 28.11.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за спроведување на реаудиција за уметниците во Опера

1. Реаудицијата за работните места во Опера, се изведуваат на следниов начин:
   - Оркестарски уметник – програмата за реаудиција е изведба на оркестарски делници од тековен репертоар во зависност од работната позиција на уметникот,
   - Хорски уметник – програма за реаудиција е изведба на хорски делници од тековен репертоар на хорот,
   - Хор мајстор и асистент хор мајстор – програма за реаудиција е работна проба од тековниот репертоар со хорот,
   - Диригент и асистент диригент – програма за реаудиција е работна проба од тековниот репертоар со оркестарот,
   - Оперски солисти – програма за реудиција е сценско оркестарска или генерална проба од тековниот репертоар,
   - Корепетитори – програма за реаудиција е работна проба со солисти за тековен репертоар,
   - Режисер и асистент режисер – програма за реаудиција е режиска проба со ансамбл за тековен репертоар.
2. Комисијата гласа со позитивна оценка „положил“ или со негативна оценка „не положил“.
3. Формуларот на кој гласа комисијата ќе го утврди дирекцијата на Операта, во кој ќе бидат содржани елементите за оценување, зависно од спецификата на работното место за кое се полага аудицијата. Комисијата може да утврди и дополнителни елементи, кои ќе ги применува како помошни.
4. Програмата влегува во сила со денот на донесување, и истата ќе се објави на огласна табла и на веб страницата на установата.

Управен одбор, претседател
Александар Трајковски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-4421/6
28.11 2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став (1) т. 12 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, а во врска со одредбите од Правилникот за реаудиција бр. 02-3025/5 од 17.11.2021 година, на предлог од уметничкиот раководител на Балет, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 71-та Седница одржана на 28.11.2023 година, донесе

ПРОГРАМА

за спроведување на реаудиција за уметниците во Балет

1. Реаудицијата за работните места во Балетот, се во форма на балетски час кој го одржува балетски педагог, а се изведуваат вежби согласно утврдената програма.
2. Комисијата гласа со позитивна оценка „положил" или со негативна оценка „не положил".
3. Формуларот на кој се гласа ќе го утврди дирекцијата на Балетот, во кој ќе бидат содржани елементите за оценување (во врска со играчките способности, физичкиот изглед-висина и тежина и слично), зависно од спецификата на работното место за кое се полага аудицијата. Комисијата може да утврди и дополнителни елементи, кои ќе ги применува како помошни.
4. Програмата влегува во сила со денот на донесување, и истата ќе се објави на огласна табла и на веб страницата на установата.

Управен одбор, претседател
Александар Трајковски